**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за труд и социјална политика**
**Државен инспекторат за труд**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

СКОПЈЕ,НОЕМВРИ,2018 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14 и 27/16), Директорот на Државниот инспекторат за труд на ден 06.11.2018 година, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

### Член 1

Во ГЛАВА V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, се додава ново работно место под реден број 1 кое гласи ,,Државен советник за креирање на финансиски политики''.
Работното место под реден број 1 станува работно место под реден број 1-а.

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 1. |
| **Шифра** | УПР0101 Б01000 |
| **Ниво** | Б3 |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за креирање на финансиски политики** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Директор |
| **Вид на образование** | Организациони науки и управување (менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Развој и унапредување на финансиските политики во врска со финансиското работење |
| **Работни задачи и обврски** | -Ја следи и насочува подготовката на Буџетот на инспекторатот<br>-Ја следи и насочува подготовката на ребалансот на буџетот<br>-Го следи извршувањето на Буџетот на Инспекторатот<br>-Креира проекции за потребните буџетски сретства по програми и ставки месечно, квартално полугодишно и годишно<br>-Подготвува предлози за подобро искористување на буџетските средства<br>-Дава мислења за прашања кои бараат одлуки од највисокото ниво на органот во областа на финансиското работење,<br>-Координира оперативни активности при имплементација на политиките во секторот од областа на финансиското работење |

**Член 2**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 4. Сектор за правни, нормативни, општи и информатички работи, работното место под реден број 34 – Виш референт – документарист - архивар, бројот на извршители (11) се заменува со бројот (10) и Охрид (1) се брише.

**Член 3**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 6. Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи, кај работното место под реден број 91 –Помлад референт за Административно - техничка подршка во спроведување на инспекциски надзори од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа, во делот број на извршители бројот (4) Тетово, се заменува со бројот (3) Тетово и се додава Гостивар (1).

**Член 4**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 3. Сектор за финансиски прашања, кај работното место под реден број 17 – Раководител на сектор за финансиски прашања, во делот вид на образование, се додава Организациони науки и управување (менаџмент).

**Член 5**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 3. Сектор за финансиски прашања, кај работното место под реден број 18– Помошник раководител на сектор за финансиски прашања во делот вид на образование, се додава Организациони науки и управување (менаџмент).

**Член 6**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 3. Сектор за финансиски прашања, кај работното место под реден број 19 – Раководител на одделение за буџетска координација, контрола и смедководствено плаќање, во делот вид на образование , се додава Организациони науки и управување (менаџмент).

**Член 7**

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 3. Сектор за финансиски прашања, кај работното место под реден број 20 – Советник за буџетска анализа и контрола, во делот вид на образование , се додава Организациони науки и управување (менаџмент).

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет.

Број: 01-3334

06.11.2018 година

ДИРЕКТОР

Аљајдин Хавзиу